# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИ ФОРУМСКИ СЕСИИ (2)

во Источен плански регион

| | |
|---|---|
| **Координатор:** | Андреа Златковска |
| **Модератор/ко-модератор:** | Васка Драшковиќ / Андреа Златковска |
| **Период на известување:** | декември 2023 |
| **Датум на извештај:** | 27.12.2023 |

*<u>Забелешка:</u>*

*Овој извештај треба да ги содржи релевантните информации во врска со текот на форумскиот процес, активностите, предизвиците, како и решенијата на организациските прашања кои се среќаваат во текот на овој извештаен период.*

## 1. АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

#### *1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)*

*Опишете ги подготвителните активности за организирање на форумските сесии и форумскиот процес (избор на модератор, ко-модератор, членови на ОГ, распределба на улоги и задачи за спроведување на форумскиот процес).*

На почетокот од периодот на известување, со иницијација на процесот на организирање на форуми во Источен плански регион, Центарот започна со подготвителни активности. Тоа пред сѐ подразбираше формирање на работен тим и креирање на работен план од страна на Центарот. Најпрво се пристапи кон назначување на координатор а потоа кон избор на лиценциран модератор од листата на лиценцирани модератори на ЗЕЛС и назначување на комодератор од страна на Центарот. За координатор беше назначена Андреа Златковска, за модератор беше избрана Васка Драшковиќ, а за комодератор Андреа Златковска. Беше формирана и Оперативна група составена од: Катерина Коцева, Емил Василев, Александар Николов и Зорица Шуманска.

Потоа се преземаа интензивни активности за подготовка на Првата форумска сесија. Тоа подразбираше најпрво консулатации и координација на работниот тим, модератор, комодератор, координаторот и членовите на Оперативната група со цел планирање, организација и распределба на улоги и задачи за реализација на форумската сесија. Истата методологија на подготовка и организирање на сесиите беше реализирана и за Втората форумска сесија.

*Опишете ги користените техники на информирање и мобилизација на граѓаните за форумските сесии и за средбите на работните/оперативната групи/-а (покани, телефон, постери, билтени, веб страна, социјални мрежи, медиуми и сл.).*

Во процесот на подготовка и реализација на форумската сесија беа користени различни техники за мобилизирање на учесници и организирање на работните средби со Оперативната група.

Еден од основните начини за информирање беше директната комуникација со учесниците. Имено учесниците на форумот беа поканувани преку е-маил покани, но и со директни телефонски разговори.

Во однос на средбите на Оперативната група, истите беа договарани лично и преку директни телефонски разговори, но и со е-маил пораки.

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесии (како течеше мобилизацијата на граѓани, дали и какви состаноци се одржани во ЕЛС и други релевантни чинители).*

Во периодот на известување беа одржувани редовни консултации со членовите на Оперативната група.

Во однос на средбите со членовите на Оперативната група, во периодот на известување беа одржани две средби на кои учествуваа членови на Оперативната Група, Координаторот/Комодераторот и Модераторот. Освен првата средба за запознавање и вовед во процесот и планот за работа, другата средба се одржа редовно пред и после сесијата. На секоја од средбите фокусот беше на клучни прашања за подготовка и реализација на сесијата со распределба на конкретни задачи на секој од членовите и во однос на мобилизацијата и поканувањето на учесниците (праќање на покани, поставување на постери, објава во медиуми, телефонски јавувања), но и во однос на конкретни задачи на самата сесија заради синхронизација на улогите и активностите како сесијата би течела во најдобар ред и постигнување на поставените цели и резултати на секоја од сесиите, но и работата помеѓу сесиите.

***Преглед на профилот на членови на ОГ***

| **Вкупен број на членови на оперативната група** | **Мажи/жени/ млади** | **Етничка застапеност** |
|---|---|---|
| 4 | М – 2<br>Ж – 2 | Македонци |

## 1.2 ФОРУМСКИ СЕСИИ и АКТИВНОСТИ МЕЃУ СЕСИИ

Дадете кратки информации за главните настани и активностите кои се одржани во рамки на периодот на известување во текот на форумските сесии и помеѓу форумски сесии.

### *1.2.1. Форумски сесии*

Дадете информација за број/дата на одржани сесии и број на присутни учесници и нивна структура (етничка и родова застапеност) како и припадност на некоја од ранливите категории[1] според општиот список на учесници.

[1] Овој податок се вади од прашалникот за евалуација

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност и етничка припадност според општиот список*

| **Сесија** | | | **1** | **2** |
|---|---|---|---|---|
| **Дата на одржување** | | | **06.12.2023** | **25.12.2023** |
| **Вкупен број на учесници - вкупно (# млади под 34 години)** | | | **66 (13)** | **56 (11)** |
| **Број на учесници од општ список** | **Пол** | **М** | 36 | 25 |
| | | **Ж** | 30 | 31 |
| | **Етничка припадност** | **Мак** | 58 | 55 |
| | | **Алб** | | |
| | | **Тур** | | |
| | | **Срп** | | |
| | | **Вла** | | 1 |
| | | **Ром** | | |
| | | **Др** | | |
| | **Припадници на ранливи категории** | *Наведете кои:*<br>- *Лица кои работат во сивата економија* | 1 | |

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност според списоците по работни маси*

| **Работна маса** | **Сесија 1** | | **Сесија 2** | |
|---|---|---|---|---|
| | **м** | **ж** | **м** | **ж** |
| 1.Социјални услуги; | 1 | 7 | 1 | 6 |
| 2. Туризам и култура; | 6 | 4 | 4 | 3 |
| 3. Животна средина; | 5 | 9 | 4 | 10 |
| 4. Рурален развој и земјоделие; | 6 | 1 | 5 | 1 |
| 5. Образование, спорт и млади; | 4 | 8 | 4 | 6 |
| 6. Економија, пазар на труд и бизнис сектор; | 5 | 3 | 5 | 3 |
| 7. Здравствени услуги; | 2 | 4 | 2 | 2 |
| **ВКУПНО** | **29** | **36** | **25** | **31** |

*Опишете го текот на форумските сесии и нејзините постигнувања врз основа на дневниот ред по сесија:*

| **сесија** | **главни точки на дневниот ред** | **главни цели на сесијата** | **опис на главните презентации** *(тема на презентација и презентер)* |
|---|---|---|---|
| *1* | - *Претставување на стратешкиот план и цели*<br>- *Избор на приоритетни области*<br>- *Претставување на форумскиот процес и формирање на структура на форумот*<br>- *Идентификување и дефинирање на приоритетни проблеми и нивно групирање*<br>- *Претставување на процесот и критеритумите за проекти за финансирање во рамки на програмата на БРР*<br>- *Евалуација на сесијата* | - *Претставување на стратешкиот план и цели*<br>- *Избор на приоритетни области*<br>- *Претставување на форумскиот процес и формирање на структура на форумот*<br>- *Идентификување и дефинирање на приоритетни проблеми*<br>- *Претставување на процесот и критеритумите за проекти за финансирање во рамки на програмата на БРР*<br>- *Евалуација на сесијата*<br>- *идентификувани и групирани приоритетни проблеми и понудени решенија за концепти од програмата на МЛС/БРР*<br>- *сесија оценета со високи оценки по сите прашања* | - *Претставување на стратешкиот план и цели и критериумита за проекти од БРР – Координаторка на Центарот за развој на ИПР*<br>- *Преставување на форумскиот процес и формирање на структура на форумот – Модератор Васка Драшковиќ* |
| **2** | - *Презентирање на целите на сесијата и осврт на оценката од претходната сесија*<br>- *Преглед на претходната сесија и работата меѓу сесии*<br>- *Преглед на учеството и правото на гласање*<br>- *Презентација и дискусија за развиените концепти за предлог проекти*<br>- *Презентација на начинот на приоретизирање за предлог проекти финансирани од програмата на БРР*<br>- *Приоретизирање по работни маси*<br>- *Соопштување на резултатите*<br>- *Оценка на форумската сесија*<br>- *Следни чекори* | - *Презентирање на целите на сесијата и осврт на оценката од претходната сесија*<br>- *Информирање на учесниците за резултатите од претходната сесија и работата меѓу сесии*<br>- *Преглед на учеството и правото на гласање, регулирање на правото на гласање*<br>- *Презентација и дискусија за развиените концепти за предлог проекти*<br>- *Презентација на начинот на приоретизирање за предлог проекти финансирани од програмата на БРР*<br>- *Приоретизирање по работни маси*<br>- *Соопштување на резултатите*<br>- *Оценка на форумската сесија*<br>- *Следни чекори* | - *Презентација на критериумите и правилата и начинот на гласање – модератор Васка Драшковиќ*<br>- *Презентација на критериумите за проектите – Андреа Златковска*<br>- *Презентација на концептите и cost benefit анализата – експерт Славица Ристовска* |

*Опишете го текот на дискусии за време на форумските сесии:*

| **опис на главните дискусии** | **број на дискусии и дискутанти** *(жени/мажи, етничка припадност, сектор од кои доаѓаат)* | **опис и содржина на дискусијата** *(конкретното прашање или коментар по одреден проблем, конкретната идеја или предлог)* |
|---|---|---|
| ***сесија 1*** | *10 дискусии (4 мажи, 6 жени, македонци)* | *Граѓански сектор, јавни институции, општ. администрација, култура* |
| ***сесија 2*** | *9 дискусии (2 мажи, 7 жени, македонци)* | *Граѓански сектор, општинска администрација* |

*Табела согласно активности по сесија (се преземаат од записник)*

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| **Р. бр.** | **Област** | **Предложено од** | **Рангиран/избран** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **С.Ц.3. Одрживо управување со животната средина и природните ресурси** | **34 учесници** | **1/ Избран** | |
| **2** | **С.Ц.2. Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги** | **24 учесници** | **2/ Избран** | |
| **3** | **С.Ц.5. Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација** | **6 учесници** | | |
| **4** | **С.Ц. 1. Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот** | **1 учесник** | | |
| **5** | **С.Ц.4. Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини** | **1 учесник** | | |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија (сесија 1)

| Дефиниран проблем | Препорака за решавање- предлог идеа | Препорачано од/до | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **1.1. Несоодветни, лоши услови за одвивање на воспитно – образовен процес; Несоодветни услови, недостиг од капацитети за одвивање на инклузивно образовани (деца со посебни образовни потреби);**<br>**1.2. Стари училишни згради, потреба од воведување на мерки за енергетска ефикасност на образовните субјекти (застарена столарија, стари фасади);**<br>**1.3. Недостаток од моторно возила за транспорт на отпад заради затворање на нестандардните депонии и нова локација се депонирање на отпад;**<br>**1.4. Присуство на голем број на кучиња скитници околку образовните институции;** | ✓ **Реконструкција, ЕЕ на образовни објекти;**<br>✓ **Набавка на специјализирани возила за смет (поради нови локации за транспорт на отпад);** | Препорачано од Работна маса: **Образование, спорт и млади** | |
| **2.1. Недоволна опременост на општините со опрема за комунална хигиена на еколоши погон (за јавна чистота, за изнесување на комунален отпад);** | ✓ **Набавка на возило на еколошки погон за транспорт на отпад,**<br>✓ **Набавка на возила за јавна чистота;**<br>✓ **Фиторемедијација 2 на земјоделски површини 1000 хектари во општините Македонска Каменица, Пробиштип и Крива Паланка. (загадената почва од постојните рудници да бидат засадени со брзорастечки врби,** | Препорачано од Работна маса: **Животна средина** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **маслодајна репка, да се претворат во обработливо земјиште).** | | |
| **3.1. Подобрување на лошите енергетски карактеристики на јавните институции;**<br>**3.2. Подобрување на условите за престој на децата со посебни потреби;**<br>**3.3. Недостаток на специјализирано возило за превоз на лица со посебни потреби**<br>**3.4. Непостоење на соодветна противпожарна заштитна опрема во образовните институции;** | ✓ **Реконструкција на детска градинка во Македонска Каменица (замена на азбестен кров и фасада);**<br>✓ **Сензорни соби;**<br>✓ **Набавка на специјализирано возило за Дневниот Центар за лица со посебни потреби за Берово и Пехчево;**<br>✓ **Набавка и монтажа на заштитна противпожарна опрема;** | Препорачано од работна маса: **Социјални услуги** | |
| **4.1. Лоши услови за квалитетно образование во регионот;**<br>**4.2. Неквалитетно јавно осветлување;**<br>**4.3. Недоволно искористени ОИЕ во објекти на јавни институции;** | ✓ **Создавање на енергетски ефикасни згради;**<br>**Реконструкција на фасада на средно медицинско училиште;**<br><br>**Реконструкција на подрачно основно училиште во с. Радање, општина Карбинци;**<br>✓ **Потреба од замена на енергетски неефикасни светилки со ЛЕД светилки во повеќе општини од регионот;**<br>✓ **Замена на азбестни кровови на јавни институции и на ЈКП и поставување на фотоволтаици во повеќе општини од регионот;** | Препорачано од работна маса: **Рурален развој и земјоделие** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.1. Недостаток на противпожарна заштита на Осоговскиот планински регион (Општините Кочани, Пробиштип, Македонска Каменица и Делчево);<br>5.2. Недостаток од комунални возила за вклучување во регионалниот систем за управување со отпад;<br>5.3. Енергетска ефикасност на улично осветлување<br>5.4. Потреба од реконструкција на образовните установи од регионот преку воведување на мерки за ЕЕ | ✓ Опрема за справување со пожари на отворен простор и шумски пожари;<br>✓ Набавка на возила;<br>✓ Едукација за ученици од средни општински училишта; | Препорачано од работна маса: **Животна средина** | |
| 6.1. Недостаток на услови за квалитетно образование, стари образовни институции<br>6.2. Поттикнување на иновативни модели за користење на ОИЕ во сите општини | ✓ Реконструкција на училишта и градинки<br>✓ Потреба од набавка на електрични возила за вршење на општинските дејности; | Препорачано од работна маса: **Здравствени услуги / здравство** | |
| 7.1. Неефикасни енергетски јавни објекти (општински, образовни и останати јавни објекти);<br>7.2. Проблем со кучиња скитници;<br>7.3. Застарен и недоволен број на возила во возните паркови на општините;<br>7.4. Недостаток на млад стручен кадар посебно кај занаетчиите;<br>7.5. Присуство на сива економија; | ✓ Воведување на ЕЕ мерки на јавни објекти;<br>✓ Потреба од Регионален стационар за кучиња скитници;<br>✓ Набавка на електрични возила; | Препорачано од работна маса: **Економија, пазар на труд и бизнис сектор;** | |
| 8.1. Подобрување на услови за поквалитетно образование;<br>8.2. Недостаток од туристичка инфраструктура и ЛЕД осветлување; | ✓ Реконструкција на јавни објекти, ЕЕ на јавни објекти;<br>✓ Замена и ново ЛЕД осветлување; | Препорачано од работна маса: **Туризам и култура** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8.3. Намалување на емисиите на CO2;**<br>**8.4. Заштита и превенција од шумски пожари;** | ✓ **Набавка на возила на еколошки погон за јавни институции;**<br>✓ **Набавка на противпожарна опрема;** | | |

**Табела 2.1.** Презентирани концепти и препораки од втората форумска сесија (сесија 2)

| **Препорака - предлог идеа/концепт** | **Препорака за подобрување** | **Забелешка** |
|---|---|---|
| Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led Lighting Project) | / | / |
| Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во регионот | / | / |
| Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР) | / | / |
| Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион | / | / |

**Табела 2.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија (сесија 2)

| Ред. бр. | Наслов на концептот | Носител/ Партнер | Буџет (МКД) | Број на поени | Ранг број | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Воведување на мерки за ЕЕ на јавни објекти и користење на ОИЕ (Подобрување на условите во образовниот процес во ИПР) | ЦРИПР / Берово, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пробиштип и Пехчево | 41,573.871,00 | 26 | 1 | / |
| 2 | Унапредување на енергетската ефикасност во регионот преку замена на јавно улично осветлување со ЛЕД осветлување (Smart Led Lighting Project) | ЦРИПР / Виница, Делчево | 10.012.000,00 | 19 | 2 | / |
| 3 | Унапредување во заштитата на животната средина преку опремување со возила за собирање на смет и за одржување на јавна хигиена во регионот | ЦРИПР / Чешиново – Облешево, Штип | 11.000.000,00 | 14 | 3 | / |
| 4 | Регионален центар за згрижување и контрола на популацијата на кучиња скитници и ветеринарно здравство во Источен плански регион | ЦРИПР / Штип, Карбинци, Пробиштип, Чешиново-Облешево, Кочани, Зрновци, Виница, Берово, Пехчево, Делчево, Македонска Каменица | 6.000.000,00 | 11 | 4 | / |

### *1.2.2. Работа помеѓу сесии – пред и после сесиите*

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесиии.*

Во однос на работата во периодот помеѓу сесиите, истата беше организирана на транспарентен и партиципативен начин. Комуникацијата помеѓу претставниците од Центарот, проектниот тим, модераторот, комодераторот/координаторот беше постојана и непречена благодарение на проектниот тим.

Пред сесиите активностите главно се однесуваа на организирање на сесијата, подготовка на материјали и мобилизација на учесници. Исто така пред сесија беа дефинирани конкретните задачи за време на сесијата.

Помеѓу двете сесии беше период на подготовка на концептите на предлог проектите, а потоа следуваа подготовки за организирање на втората сесија и координација меѓу проектниот тим, модераторот, комодераторот.

После втората сесија се сумираа резултатите, се комплетираа документите и подготвуваа извештаите за одржаните сесии.

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ, РЕШЕНИЈА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Со каков вид проблеми и предизвици се соочуваат во спроведувањето?
Што преземавте за надминување на тешкотиите, кој беше вклучен во решавањето на проблемот, и сл.
Наведете неколку научени лекции како резултат на реализираните активности.

| Проблеми/ предизвици | Преземени активности за нивно надминување | Научени лекции |
|---|---|---|
| / | / | Навременото планирање и активирање резултураше со успешно реализиран форумски процес.<br><br>Добрата соработка помеѓу општините, Центарот и експертот се покажа како добар предуслов за успешно и навремено подготвување на концептите. |

## 3. РЕЗИМЕ

Накратко наведете ги резултатите од форумот, приоритетни проекти, препораките и следните планирани активности поврзани со форумот:

Од Форумскиот процес беа постигнати следните резултати:

- Форумот се одвиваше соодветно планираниот процес и предвидената методологија;

- Вклучени учесници на форумот од сите 11 општини во Источен плански регион;

- Остварено подеднакво учество на мажи и жени, млади и претставници на ранливите и маргинализирани групи

- Подобрени капацитети на учесниците за форумскиот процес;

- Активно учество на претставници од општините кои ги опфаќа Источен плански регион;
- Избрани две приоритетни области со комплементарни подобласти како работни теми на форумот;
- Учесниците запознаени со форумскиот процес;
- Формирана структура на форумот;
- Усвоени правила за работа;
- Идентификувани, дефинирани и групирани приоритетни проблеми во избраните области;
- Изработени шест концепти за предлог проекти од кои четири беа предмет на гласање бидејќи за останатите два се предвидени планови за реализација од други програми и основи;
- Приоретизирани четири концепти за предлог проекти (види Табела 2.2. Одлуки од форумот на втората форумска сесија (сесија 2);
- Презентирани следни чекори во рамки на проектот, во однос на предлагање и финансирање на проектите во рамки на Програмата за развој на планскире региони за 2024 година со индикативно планирани средства за 2025 година.

Место, ден, месец, година

Штип, 27.12.2023 година

Одговорно лице

Васка Драшковиќ

**Прилози:**

*Списоци на учество*

*Записници од фориумски сесии*

*Листа на приоритетни проекти и препораки*

*Фотографии*

*Евиденција на медиумски активности (линкови, објави и сл.)*